РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА
СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-602/2
01.11. 2021
СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 12 и член 95 став 3 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ" број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018) по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на ____________ година, ја утврди следната

# ПРОГРАМА ЗА ПОЧЕТНА ОБУКА

## - Практична настава -

## 1. СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**Практична настава на слушателите определени за судии :**

1. **Обука за кривично право:**
   - Претходна постапка;
   - Обвинување;
   - Надлежностите на судијата на претходна постапка;
   - Надлежностите во врска со оценка на обвинението;
   - Главна расправа;
   - Постапка спрема малолетници;
   - Прекршочна постапка и
   - Постапка по редовни и вонредни правни лекови.

2. **Обука за граѓанско право:**
   - Парнична постапка и вонпарнична постапка;
   - Постапка по работни спорови;
   - Постапка по стопански спорови;
   - Стечајна постапка и
   - Постапка по редовни и вонредни правни лекови.

3. **Обука за управно право:**
- Постапка по тужба во управен спор и
- Постапка по жалба во управен спор.

**Практична настава на слушателите определени за јавни обвинители :**
- Предистражна постапка;
- Истражна постапка;
- Обвинување;
- Постапување на јавниот обвинител на главна расправа;
- Постапување на јавниот обвинител во скратени и посебни постапки;
- Постапка за спогодување,
- Постапка по редовни и вонредни правни лекови и
- Постапка по тужба во управен спор и
- Постапка по жалба во управен спор.

## 2. МЕСТО И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА

Практичната настава се реализира во основните судови со проширена надлежност, апелационите судови,управните судови, основните јавни обвинителства со проширена надлежност, вишите јавни обвинителства и Министерството за внатрешни работи на РСМ (полиција).

Вкупното времетраење на практичната настава е 15 месеци, а редоследот и времетраењето на обуката во секоја од наведените институции, се утврдува во зависност од определеноста на слушателите за судии или за јавни обвинители.

Практична настава за **слушателите определени за судии**:
- 10 месеци во основните судови (5 месеци во граѓанска област и 5 месеци во кривична област),
- 2 месеци во апелационите судови (еден месец во граѓанска област и еден месец во кривична област),
- 2 месец во основните јавни обвинителства,
- 1 недела во Управниот суд и
- 1 недела во Вишиот управен суд.

Практична настава за **слушателите определени за јавни обвинители**:
- 10 месеци во основните јавни обвинителства,
- 1 месец во вишите јавни обвинителства,

- 2 месеци во основните судови (1 месец во граѓанска област и 1 месец во кривична област),
- 1 месец во Министерството за внатрешни работи (полиција),
- 1 недела во Управниот суд и
- 1 недела во Вишиот управен суд.

I. СЛУШАТЕЛИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА СУДИИ, практичната настава ја реализираат по следниот редослед и начин:

<u>А. ОБУКА ПО КРИВИЧНО ПРАВО</u>

1. *Во основните јавни обвинителства*:
   - 1 месец за предистражна постапка и
   - 1 месец за обвинување.

2. *Во основните судови:*
   - 2 недели за надлежностите на судијата на претходна постапка,
   - 2 недели за надлежностите во врска со оценка на обвинението,
   - 2 месеци за главната расправа,
   - 1 месец за постапката спрема малолетници и
   - 1 месец за прекршочната постапка.

3. *Во апелационите судови*
   - 1 месец за постапката по редовни и вонредни правни лекови во кривичната област

<u>Б. ОБУКА ПО ГРАЃАНСКО ПРАВО</u>

1. *Во основните судови:*
   - 2 месеци за парничната постапка и вонпарнична постапка;
   - 1 месец за постапката во работни спорови;
   - 1 месец за постапката во стопански спорови и
   - 1 месец за стечајната постапка.

2. *Во апелационите судови*
   - 1 месец за постапката по редовни и вонредни правни лекови во граѓанската област

<u>В. ОБУКА ПО УПРАВНО ПРАВО</u>

1. Во Управниот суд

- 1 недела постапка по тужба во управен спор

2. Во Вишиот Управен суд

- 1 недела постапка по жалба во управен спор

II. СЛУШАТЕЛИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА ОБВИНИТЕЛИ, практичната настава ја реализираат:

1. ***Во Министерството за внатрешни работи (полицијата)***
    - 1 месец за предистражната постапка во надлежност на полицијата

2. ***Во основните јавни обвинителства***:
    - 2 месеца за предистражната постапка;
    - 2 месеца за истражната постапка;
    - 2 месеци за обвинувањето;
    - 2 месеци за постапувањето на јавниот обвинител на главната расправа;
    - 1 месец за постапување на јавниот обвинител во забрзаните и посебните постапки и
    - 1 месец за постапката за спогодувањето.

3. ***Во Вишите јавни обвинителства***
    - 1 месец за постапката по редовните и вонредните правни лекови

4. ***Во основните судови:***
    - 1 месец за главна расправа во кривичната област и
    - 1 месец за главна расправа во граѓанската област (одделите се определуваат согласно распоредот за секој слушател).

*5. Обука по управно право*

1. Во Управниот суд

- 1 недела постапка по тужба во управен спор

2. Во Вишиот Управен суд

- 1 недела постапка по жалба во управен спор

Во исклучителни случаи, со оглед на големиот број на слушатели, може да се направат измени на наведениот распоред.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА

1. Практичната настава на учесниците се состои од:
   - работа во судови (основни, алелациони, управни);
   - работа во јавни обвинителства (основни и виши);
   - работа во Министерството за внатрешни работи (полицијата);
   - учество на семинари во рамките на континуираната обука на судиите и јавните обвинители;
   - реализиција на активности за проверка на прогресот на слушателот во текот на практичната настава и
   - други облици, кои по наогање на менторот се од значење за ефикасно реализирање на наставата.

Менторските тимови и координаторите на Менторските тимови се составен дел на Програмата.

Редоследот на реализирање на практичната настава за секој кандидат посебно, по недели, се определува согласно оваа Програма со распоред.

Распоредот за секој слушател се изготвува за секоја генерација посебно, а се усвојува по изготвување на списокот на определените слушатели за судии, односно за јавни обвинители, по завршување на теоретската настава.

За секој учесник, тимот на ментори изготвува План на активности за практична работа, во кој се определуваат сите активности, предвидени во член 42, 44, 45 и 46 од Правилникот за почетна обука. Овој план се изготвува непосредно пред започнување на менторската фаза.

Во Плановите е вклучена и содржината и формите за проверка на постигнатиот прогрес на учесниците, како и временскиот распоред на истите.

Во формите на проверка на прогресот на учесникот, определен за судија, спаѓаат следните активности:

- **задолжителни активности кои се оценуваат** со поединечни оценки (пресуди и симулации на главна расправа) и

- **активности кои не се оценуваат** со поединечни оценки (пресуди, обвиненија и симулации на главна расправа).

Во формите на проверка на прогресот на учесникот, определен за јавен обвинител, спаѓаат следните активности:

- **задолжителни активности кои се оценуваат** со поединечни оценки (обвиненија, предлог спогодби, решенија за отфрлање кривични пријави и симулации)
- **активности кои не се оценуваат** со поединечни оценки (обвиненија, предлог спогодби, решенија за отфрлање кривични пријави, наредби за спроведување истрага, наредби за запирање на истрага, пресуди и симулации)

1. **Задолжителите активности** за проверка на прогресот на слушателот, **кои се оценуваат** со поединечни оценки, се распоредуваат на следниот начин:

**А. ЗА СЛУШАТЕЛИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА СУДИИ:**

- **Во Основен суд - кривична област** - 5 пресуди од кривична област и 5 симулации во улога на судија на главна расправа.

- **Во Основен суд – граѓанска област** - 5 пресуди од граѓанска област и 5 симулации во улога на судија на главна расправа.

**Б. ЗА СЛУШАТЕЛИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ:**

- **Во основно јавно обвинителство и основен суд** - 5 обвиненија, 2 предлог спогодби, 3 решенија за отфрлање на кривични пријави и реализација на 10 симулации во улога на јавен обвинител на главна расправа.

2. **Активностите** за проверка на прогресот на слушателот, кои **не се оценуваат** со поединечни оценки, се распоредуваат на следниот начин:

**А. За слушателите определени за судии:**

**За време на практичната настава во основниот суд и основно јавно обвинителство**

- изработка на 20 граѓански пресуди и реализација на 2 симулации, во улога на судија на главна расправа во граѓанска област;
- изработка на 20 кривични пресуди и реализиција на 2 симулации во улога на судија на главна расправа во кривична област и
- изработка на 10 обвиненија во основно јавно обвинителство.

**Б. За слушателите определени за јавни обвинители :**

**За време на практичната обука во основно јавно обвинителство:**

- изработка на 20 обвиненија;
- изработка на 5 предлог спогодби;
- изработка на 5 решенија за отфрлање на кривична пријава;
- изработка на 5 наредби за спроведување истрага и
- изработка на 5 наредби за запирање на истрага.

**За време на наставата во основен суд:**

- изработка на 5 кривични пресуди;
- изработка на 5 граѓански пресуди и
- реализиција на 4 симулации во улога на јавен обвинител.

Во изготвувањето на Планот за реализација на практичната настава, менторскиот тим треба да води сметка дека сите активности (оние кои не се оценуваат со поединечни оценки и задолжителните активности кои се оценуваат со поединечни оценки) треба да бидат сразмерно распоредени во предвиденото вкупно време за обука во тој орган, односно во таа област.

За реализација на плановите на активности за практична работа се грижат менторите, а за реализација на збирниот распоред се грижи Координаторот на менторскиот тим.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
Претседател на Управен одбор,
Д-р Лазар Нанев